# Измени Метаподаточен фајл





| Референтни метаподатоци | |
|---|---|
| S.1 Контакт | S.2 Ажурирање метаподатоци |
| S.3 Статистичка презентација | S.4 Единица на мерење |
| S.5 Референтен период | S.6 Институционален мандат |
| S.7 Доверливост | S.8 Политика за објавување |
| S.9 Фреквенција на дисеминација | S.10 Достапност и јасност |
| S.11 Управување со квалитет | S.12 Релевантност |
| S.13 Точност и веродостојност | S.14 Навременост и точност |
| S.15 Кохерентност и споредливост | S.16 Трошок и оптовареност |
| S.17 Ревизија на податоците | S.18 Статистичка обработка |
| S.19 Коментар | A.1 Анекси |



Статистичко истражување за цените на услугите

Ц_Ц.УСЛУГИ_Q_4_2024_МК

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

## S.1 Контакт

### S.1.1 Организација/ институција за контакт

Државен завод за статистика

### S.1.2 Организациска единица за контакт

Сектор за деловни статистики, Одделение за цени

### S.1.3 Лице за контакт

Даниела Петровска

### S.1.4 Звање на лицето за контакт

Советник

### S.1.5 Поштенска адреса

ул „Даме Груев" бр. 4, 1000 Скопје,

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

Република Северна Македонија

| S.1.6 | **Електронска адреса** |
|---|---|

daniela.petrovska@stat.gov.mk

| S.1.7 | **Телефонски број** |
|---|---|

00389 31 438 100

| S.1.8 | **Факс** |
|---|---|

00389 2 3111 336

| S.2 | **Ажурирање метаподатоци** |
|---|---|

| S.2.1 | **Последна потврда на метаподатоците** |
|---|---|

10/06/2025

| S.2.2 | **Последна објава на метаподатоците** |
|---|---|

10/06/2025

| S.2.3 | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
|---|---|

10/06/2025

| S.3 | **Статистичка презентација** |
|---|---|

| S.3.1 | **Опис на податоците** |
|---|---|

Индекси на цените на производителите на услуги се важни краткорочни индикатори што се користат за анализа на трендовите на деловниот циклус во услужниот сектор и како инпут за статистиката на националните сметки. Тие се наменети за да ги следат движењата на цените што ги рефлектираат условите на понуда и побарувачка на пазарот на услуги. Индексите на цените на производителите на услуги во 2024 година се воведени за три вида услуги: Услуги за копнен превоз и цевководен транспорт, Поштенски и курирски услуги и за Телекомуникациски услуги. Постепено се воведуваат и другите услуги во истражувањето, со што ќе може да се пресмета и вкупниот индекс на цените на производители на услуги.

Индексот на цените на услугите се пресметува квартално по сектори и оддели.

| S.3.2 | **Систем на класификации** |
|---|---|

- Класификација на производите по дејности (КПД), 2008

- Национална класификација на дејностите (НКД, рев. 2.)

| S.3.3 | Опфат на сектор/и |
|---|---|

Секторите од НКД Рев.2:

H/Ж- Транспорт и складирање,

I/З - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна

J/S- Информации и Комуникации,

L/Ј - Дејности во врска со недвижен имот

M/К- Стручни, научни и технички дејности и

N/Л- Административни и помошни услужни дејности

| S.3.4 | Статистички концепти и дефиниции |
|---|---|

**Индексот** на цените на производителот на услугите е индикатор за деловен циклус кој ја мери бруто-промената на трговската цена на голем број услуги, вклучувајќи ги товарниот транспорт, поштенските услуги, телекомуникациите, компјутерското програмирање, правните услуги итн.

Индексите кои се пресметуваат за цените на услугите се пресметуваат како верижни индекси. Предноста на пресметување верижни индекси во споредба со фиксниот базен индекс е тоа што се прави годишно ажурирање на пондерите. Прво се пресметуваат индексите на пониско ниво (елементарните агрегати) кои потоа се собираат на повисоко ниво. Елементарните агрегати се пресметуваат како непондерирана геометриска средина на односот на цените (Jevons index), а потоа се собираат на ниво на КПД користејќи ја формулата за Ласперовиот индекс. Базна цена која се користи при пресметката на индексите е цената од четвртото тримесечје од претходната година. За споредливост на индексите во различни периоди (тековно тримесечје со тримесечје од претходна година) сите индекси се сведуваат на базната година 2021=100.

Пресметките на индексите се секој квартал и тоа Т+60 по завршување на кварталот.

**ТЦ** - трансакциска цена, т.е. цена на иста или многу слична услуга на исти или различни клиенти направена барем еднаш во тримесечјето.

**ДЦ** - цената на целосна услуга со претходно дефинирано количество услуги обезбедени на истиот клиент за период не помал од една година. Услугата се обезбедува според истиот договор на клиентот најмалку еднаш во тримесечјето. Обемот на услугата е точно дефиниран во договорот (времетраење на договорот, количества, цени и други основни елементи на цените), така што вкупниот износ што ќе се плати за услугите што се предвидени со договорот е однапред утврден. Ако цената е утврдена со договорот за подолг период, на пр., за цела година, истата цена се пренесува од тримесечје на тримесечје, сè додека не се ревидира цената на договорот.

**Продажната цена** на услугите е цената според која производителот им ги продава своите услуги на купувачите, во најголеми количества. Од оваа цена се одбива попустот. Во цената не треба да се

пресмета ДДВ.  Цените се искажуваат во денари како единица мерка на услугата.

**Просечната тримесечна цена** на една услуга се пресметува кога вкупната тримесечна продажна вредност (земајќи ја предвид претходната дефиниција) за таа услуга ќе се подели со вкупното количество од истата услуга продадено во тоа тримесечје.

| S.3.5 | **Статистичка единица** |
|---|---|

Деловните субјекти распределени во услужната дејност.

| S.3.6 | **Статистичка популација** |
|---|---|

Статистички единици се претпријатијата кои во Регистарот на деловни субјекти се распоредени во областа на услуги, односно секторите од НКД Рев.2:

Н/Ж- Транспорт и складирање,

I/З - Објекти за сместување и сервисни
дејности со храна

J/S- Информации и Комуникации,

L/Ј - Дејности во врска со недвижен имот

M/K- Стручни, научни и технички дејности и

N/Л- Административни и помошни услужни дејности

| S.3.7 | **Референтна област** |
|---|---|

Република Северна Македонија

| S.3.8 | **Временска покриеност** |
|---|---|

Од 2021 година до 2024 година

| S.3.9 | **Базен период** |
|---|---|

Индексите кои се пресметуваат за цените на услугите се пресметуваат како верижни индекси.

Базна цена која се користи при пресметката на индексите е цената од четвртото тримесечје од претходната година. За споредливост на индексите во различни периоди (тековно тримесечје со тримесечје од претходна година) сите индекси се сведуваат на базната година 2021=100.

| S.4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

Индекси

| S.5 | **Референтен период** |
|---|---|

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

тримесечје

| S.6 | Институционален мандат |
|---|---|

| S.6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

Национални: НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx)

Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)

ЕВРОПСКА РЕГУЛАТИВА

Регулатива (ЕЗ) бр. 1165/98 на Советот
Регулатива (ЕЗ) бр. 1503/2006 на Комисијата за спроведување и изменување и дополнувањена Регулативата (ЕЗ) бр. 1165/98
Регулатива (ЕЗ) бр. 2019/2152 за Европските деловни статистики, како и Регулативата (ЕЗ) бр.2020/1197 за нејзино спроведување која ги дефинира техничките спецификации.
Методологија за краткорочни деловни статистики, Евростат, 2006

| S.6.2 | Споделување на податоци |
|---|---|

Индекси се праќаат (преку eDAMIS) до Евростат.

| S.7 | Доверливост |
|---|---|

| S.7.1 | Доверливост - политика |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx).

2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост (https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf).

| S.7.2 | Доверливост - третирање на податоците |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост

(https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf), индивидуалните податоци не се објавуваат.

## S.8 Политика за објавување

### S.8.1 Календар на објавување

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопштенија, кој се ажурира квартално.

### S.8.2 Пристап до Календарот на објавување

календар-на-објавувања

### S.8.3 Кориснички пристап

Сите корисници имаат истовремен (или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување.

Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија " на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

## S.9 Фреквенција на дисеминација

Тримесечна

## S.10 Достапност и јасност

### S.10.1 Соопштенија

Најнови соопштенијата за Индекси на цени на услуги се објавуваат квартално и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Најнови соопштенија"
(https://www.stat.mk/mk/stat/%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D0%B8/feni/indeksi-na-feni-na-uslugi/).

### S.10.2 Публикации

Податоците се публикуваат само во Соопштение и во Макстат базата на податоци.

### S.10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат-база на податоци - Цени на услуги достапна на веб-страницата на ДЗС.

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Ceni__CeniUslugi/100_CeniUslugi_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

| S.10.3.1 | **AC1. Број на прегледи на табелите со податоци** |
|---|---|

НЕ СЕ ПРЕСМЕТУВА

| S.10.4 | **Пристап до микроподатоци** |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 ).

| S.10.5 | **Друго** |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби

| S.10.5.1 | **AC 2. Број на прегледи на метаподатоците** |
|---|---|

НЕ СЕ ПРЕСМЕТУВА

| S.10.6 | **Документација за методологијата** |
|---|---|

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на ДЗС https://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=152&rbrObl=15

Методологија за краткорочни деловни статистики, на Евростат https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5895945/KS-BG-06-001-EN.PDF.pdf/609c47c3-220a-48b4-874f-d9c589bf302c?t=1414781295000

| S.10.6.1 | **AC 3. Стапка на комплетност на метаподатоците** |
|---|---|

НЕ СЕ ПРЕСМЕТУВА

| S.10.7 | **Документација за квалитетот** |
|---|---|

https://www.stat.gov.mk/EsmsIzvestai.aspx

| S.11 | **Управување со квалитет** |
|---|---|

| S.11.1 | **Обезбедување на квалитетот** |
|---|---|

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 ) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf ). Критериумите за

квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ).

| S.11.2 | **Оценка на квалитетот** |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM). Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| S.12 | **Релевантност** |
|---|---|

| S.12.1 | **Потреби на корисниците** |
|---|---|

Податоците за индексите на цените на услугите се користат и од страна на бизнис заедницата и од страна на Владата:

- Како економски индикатор:

Индексите ги покриваат ценовните движења со што се овозможува да се предвидат соодветните промени во цените во услугите.

Индексите се користат за да се прилагодат другите економски временски серии на промените на цените.

- Како основа за индексирање на цените во договорите:

Индексите најчесто се користат за индексирање на купопродажните договори. Со овие договори обично се определува износот на пари кој треба да се плати во одреден момент во иднината. Може да е договорено да биде вклучена и индексациска клаузула со која се земаат предвид промените на цените.

Индексите се користат за споредба со други држави.

| S.12.2 | **Задоволство на корисниците** |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| S.12.3 | **Комплетност и R1. Стапка на комплетност на податоците за корисници** |
|---|---|

Во согласност со регулативите дадени во концептот 6.1, Државниот завод за статистика ги обезбедува бараните податоци.

| S.12.3.1 | **R1. Стапка на комплетност на податоците за производители** |
|---|---|

Не се пресметува.

| S.13 | **Точност и веродостојност** |
|---|---|

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

## S.13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

## S.13.2 Примерочни грешки и A1. Индикатори за примерочни грешки за корисници

Не е применливо.

### S.13.2.1 A1. Индикатори за примерочни грешки за производители

Не е применливо.

## S.13.3 Непримерочни грешки и A4. Стапка на неодговор на единица за корисници и A5. Стапка на неодговор на белег за корисници

-Грешки во опфатот: Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска.
-Грешки во спецификацијата: При промена на спецификацијата се врши усогласување на базната цена.
-Грешки во обработката: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци. Кога во тековниот месец нема реализација на одредена специфицирана услуга, се врши импутација на цената на конкретната услуга. Како метод за импутација се препорачува да се користи mean imputation.
-Грешки при опфат:деловните субјекти кои не се опфатени се користат за ажурирање на единиците од целната популација (замена). На годишно ниво се пресметуваат нови пондери според податоците од Статистичкиот деловен регистар и се заменуваат деловните субјекти што не доставиле податок.
- Сите податоците за ова статистичко истражување се прибираат со статистички образец (административни извори не се користат).
-Грешки при мерење: Нема појава на грешки при прибирање на податоците. Разликите во вредностите на прибраните со вистинските податоците тековно се обработуваат и не се врши мерење на истите.
-Грешки при обработка на податоците: Во обработката на податоците, прибраните податоци за продажните цени, при внесувањето, логички се контролираат, се проверуваат отстапувањата на цените во однос на претходниот месец кои се надвор од опсегот од ±10%, се контактираат известувачките единици, се проверуваат и анализираат излезните податоци, а за корекциите се повторува постапката за контрола. Не се врши мерење на грешки при обработката на податоците.

### S.13.3.1 Грешки во опфатот

Не се пресметува

#### S.13.3.1.1 A2. Стапка на преопфатеност

Не се пресметува

#### S.13.3.1.2 A3. Учество на заедничките единици

Не се пресметува

| S.13.3.2 | **Грешки при мерење** |
|---|---|

Нема појава на грешки при прибирање на податоците.
Разликите во вредностите тековно се процесираат и не се врши мерење на истите.

| S.13.3.3 | **Грешки при неодговор** |
|---|---|

Не се пресметува

| S.13.3.3.1 | **A4. Стапка на неодговор на единица** |
|---|---|

Не се пресметува

| S.13.3.3.2 | **A5. Стапка на неодговор на белег** |
|---|---|

Не се пресметува

| S.13.3.4 | **Грешки при обработката на податоците** |
|---|---|

Во обработката на податоците, прибраните податоци за цените на услугите, при внесувањето, логички се контролираат, се проверуваат отстапувањата на цените во однос на претходниот месец кои се надвор од опсегот од ±10%, се контактираат извештајните единици, се проверуваат и анализираат излезните податоци, а за корекциите се повторува постапката за контрола.
Не се врши мерење на грешки при обработката на податоците.

| S.13.3.5 | **Грешка од избраниот модел** |
|---|---|

Не е применливо.

| S.14 | **Навременост и точност** |
|---|---|

| S.14.1 | **Навременост и TP2. Временско задоцнување на конечните резултати за корисници** |
|---|---|

Индексите на цени на производители на услуги се објавуваат најдоцна 60 дена (T+60) по завршувањето на референтниот период како дефинитивни податоци.

| S.14.1.1 | **TP1. Временско задоцнување на првите резултати за производители** |
|---|---|

Не е применливо.

| S.14.1.2 | **TP2.Временско задоцнување на конечните резултати за производители** |
|---|---|

Не е применливо.

| S.14.2 | **Точност и TP3. Точност во доставувањето и објавувањето за производители** |
|---|---|

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден (најавен) во Календарот за навременост.

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

| S.14.2.1 | **TP3. Точност во доставувањето и објавувањето за производители** |
|---|---|

Не е применливо.

| S.15 | **Кохерентност и споредливост** |
|---|---|

| S.15.1 | **Географска споредливост** |
|---|---|

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво.

Споредливоста е обезбедена и на меѓународно ниво.

| S.15.1.1 | **CC1.Коефициент на асиметрија на тековите од мирор-статистиките** |
|---|---|

Не е применливо

| S.15.2 | **Временска споредливост и CC2. Должина на споредливи временски серии за корисници** |
|---|---|

Временска серија од 2021 година според НКД Рев.2 (2021=100) и споредливоста на временската серија е обезбедена во Макстат базата на податоци.

| S.15.2.1 | **CC2. Должина на споредливи временски серии за производители** |
|---|---|

Должина на споредлива временска серија = 16 референтни периоди.

| S.15.3 | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Кохерентноста со другите области е делумно обезбедена, не се воведени сите услуги.

| S.15.3.1 | **Кохерентност на месечните / кварталните / полугодишните статистики со годишните статистики** |
|---|---|

Споредувањето се прави, по потреба, за контрола на логичноста на цените на услугите.

Податоците се споредуваат со месечните податоци од Индекси на трошоците на животот и на цените на мало (COICOP).

| S.15.3.2 | **Кохерентност со национални сметки** |
|---|---|

Не е применливо

| S.15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешна кохерентност на податоците е делумно обезбедена, не се вклучени сите услуги

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

## S.16 Трошок и оптовареност

Во прашалниците кои ги доставуваме до извештајните единици имаме вклучено прашање за тоа колку време им е потребно за пополнување на прашалникот, се со цел да се намали оптовареноста на извештајната единица.

## S.17 Ревизија на податоците

### S.17.1 Политика за ревизија на податоците

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: https://www.stat.gov.mk/RevizijaNaPodatocite.aspx .

### S.17.2 Практика за ревизија на податоците и А6. Просечна големина на ревизијата на податоците за корисници

Ревизија на податоците се прави со промена на базната година и со промена на номенклатурите.

Истражувањето како редовно е воведено во 2024 година, а податоци се прибираат од 2021 година.

Базна цена која се користи при пресметката на индексите е цената од четвртото тримесечје од претходната година. За споредливост на индексите во различни периоди (тековно тримесечје со тримесечје од претходна година) сите индекси се сведуваат на базната година 2021=100.

#### S.17.2.1 А6. Просечна големина на ревизијата на податоците за производители

Неприменливо.

## S.18 Статистичка обработка

### S.18.1 Извори на податоци

Извор на податоци: Статистички обрасци кои се доставуваат до извештајните единици и тие се подготвени со идентификациски податоци, шифри на услугите, назив и единица мерка, во согласност со Класификацијата на производи по дејности (КПД).

Рамка на која се темели изворот на податоците: Статистички деловен регистар

Методот со кој се прибираат податоците: Примерок

Ажурирањето на примерокот се врши годишно.

### S.18.2 Фреквенција на прибирање податоци

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

Тримесечна.

## S.18.3 Прибирање на податоците

При прибирање на податоците се користи извештајниот метод.

Податоците за цените на услугите извештајните единици ги пополнуваат со тримесечен извештај.

Извештајните единици  го доставуваат тримесечниот извештај до Државниот завод за статистика во одреден рок, врз основа на Програмата за статистички истражувања за определена година.

Крајниот рок за доставување на пополнетите извештаи до ДЗС е 30 дена по завршување на тримесечјето.

## S.18.4 Проверка на податоците

Валидација на податоците во образецот:
При приемот на образецот (во Excel по е-пошта) се архивира, евидентира, контролира и внесува со апликацијата (во Access).
Со апликацијата се спроведуваат задолжителните контроли според дефинираните правила за валидација. Во случај да има грешки и/или нелогичности се контактираат давателите на податоците.
Се контролира опфатноста која треба да биде 100% како и тримесечните движења на цените (споредбено со претходното тримесечје) кои се надвор од опсегот од ±10%.
Валидација на излезните податоци:
Излезните податоци (индекси) се анализираат и потврдуваат, на ниво на класа, оддел, сектор и во однос на претходното тримесечје, и со истото тримесечје од претходната година.

Во однос на екстремните вредности излезните податоци (индекси) се анализираат и потврдуваат на елементарно ниво (извештајна единица).

## S.18.5 Компилирање податоци

Во тек на прибирање на податоците можно е да да дојде до промена на спецификација за истата услуга за која што деловниот субјект ни дава податок или пак во текот на годината да дојде до промена на услугата. Како метод за импутација се препорачува да се користи mean imputation. На почетокот на годината, се прави годишно ажурирање (замена) на примерокот на претпријатија од Статистичкиот деловен регистар.

### S.18.5.1 А7. Стапка на импутација

Не е применливо.

## S.18.6 Прилагодување

Не се врши прилагодување на временската серија и сезонско прилагодување на податоците.

# Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

| **S.18.6.1** | **Сезонско прилагодување** |
|---|---|

Не е применливо

| **S.19** | **Коментар** |
|---|---|

| **A.1** | **Анекси** |
|---|---|

Претходно

© 2025 - Државен завод за статистика - СИМС апликација

Coded by: Perica Kostovski & Dragan Stojcevski